УДК: 94(496.02)"1911"(093.2)
94(497.711)"1911"(093.2)

Емел Шериф-Мифтар
e.miftar2018@gmail.com

# СУЛТАНСКА ПОСЕТА И ПРОВИНЦИСКА ЛОЈАЛНОСТ: АНАЛИЗА НА ЕДЕН АДМИНИСТРАТИВЕН ДОКУМЕНТ ОД СКОПЈЕ, 1911

*Клучни зборови.* – Скопје, султан Мехмед V Решад, провинциска администрација, Румелија, султанска посета, документи.

## ВОВЕД

Патувањето на османлискиот султан Мехмед V Решад (1909–1918) во јуни 1911 година претставува значаен политички и симболички настан кој се одвивал во специфичен историски контекст, обележан од интензивни општествено-политички промени во рамките на Османлиската Империја. Иако првично закажаното патување било одложено за една седмица поради финансиски ограничувања – што само по себе укажува на економските тешкотии со кои се соочувала државата во тој период – сепак, на 5 јуни 1911 година, султанот конечно ја започнал турнејата, тргнувајќи од престолнината Истанбул.[1]

Првото значајно застанување било на 7 јуни во Солун, кој во тоа време претставувал еден од клучните урбани и воено-стратешки центри на европскиот дел на империјата. Таму султанот бил свечено пречекан, што имплицира внимателно организирана политичка церемонија со цел демонстрација на легитимитет и поддршка од страна на локалните власти и населението. Следните дестинации – Скопје (11 јуни), Приштина (15 јуни), повторно Солун и потоа Битола (20 јуни) – не биле избрани

[1] Başbakanlık Osmanlı Arşivi (понатаму BOA) , Babıal-i Evrak Odası (понатаму BEO), 3898/ 292295

случајно. Сите тие претставувале градови со висока симболичка и административна вредност во рамките на европскиот вилаетски систем. Особено е важно да се нагласи дека Битола, тогаш административен центар на Битолскиот вилает, имала посебна улога во империјалната структура на Османлиската држава.

Патувањето завршило на 24 јуни 1911 година со враќањето на султанот во Истанбул. Вреди да се напомене дека при враќањето тој се задржал на железничките станици во Скопје и Гевгелија, што укажува на важноста на железничката инфраструктура како средство за поврзување и демонстрација на модернизацискиот напредок на империјата.[2]

Овој политички настан не останал незабележан во тогашните медиуми и документација.[3] Списанието на Сојузот на морнарицата го документирало патувањето, што укажува на неговата значајност и од перспектива на воената и морнарицата елита.[4] Дополнително, фотографиите направени од познатиот фотограф Аполон и од браќата Манаки – пионери на балканската фотографија и кинематографија – придонеле за визуелно архивирање на ентузијазмот на локалното население. Нивните снимки не само што служат како визуелен доказ за текот на патувањето, туку и овозможуваат увид во начинот на кој императорскиот авторитет бил перципиран и претставен во јавната сфера.[5]

Овој труд се фокусира на анализата на еден административен документ од 1911 година, кој претставува одраз на лојалноста на провинциските власти во Скопје кон османлискиот султан Мехмед V Решад. Станува збор за време на сериозни политички и општествени турбуленции во Османлиската империја – период на т.н. Втор уставен период (*İkinci Meşrutiyet*), кој започнал со младотурската револуција од 1908 година. Во тој контекст, посетата на султанот во регионите надвор од Истанбул, како што е Скопје, била дел од стратегијата на Централната власт да ја засили лојалноста на локалното население, особено во мултиетничките и чувствителни погранични вилаети. Документот претставува службена административна белешка, составен како нацрт запис од страна на Централната општинска канцеларија на Косовскиот вилает, и

---

[2] BOA, Dahiliye Mütenevvia Kısmı Belgeleri (понатаму DH. MTV), 25/ 50.; BOA, BEO, 3901/292520.

[3] BOA, BEO, 3896/292198.

[4] „*Seyahat-i Hümayunun Tafsilatı*“, Donanma Mecmuası, Haziran 1327, Sayı.16, 1463.

[5] MANAKI BROTHERS, Digitally Restored Films, DVD-Video KM-D 10, Cinematheque of Macedonia, Macedonian Film Fund and Ministry of Culture of Republic of Macedonia.

се однесува на известување упатено до вилаетската управа за успешната реализација на службено задолжение. Во формален аспект, документот содржи податоци за датум на нацрт и службен број (иако делумно непополнети); референца до официјален акт (емирнаме број 299 од 12 Сафер 1327); главен текст со опис на содржината и причината за известување; и завршен дел со барање за потврда. Документот се наоѓа во Државниот Архив на Република Северна Македонија, во фондот скопска-турска општина т.е. фонд 10, кутија 41, архивска единица 23 и број на лист 27.

Документот, напишан во службен стил, ја отсликува формалната и симболичка комуникација помеѓу провинцијата и централната власт, особено во контекст на официјалната посета на султанот на европските територии на империјата истата година. Со вметнување на поширок историски и политички контекст на патувањето на султанот низ Румелија, а особено во градовите Скопје и Битола, може да се добие подлабоко разбирање на значењето и улогата на ваквите посети во доцниот Османлиски период.

Во јуни 1911 година, султанот Мехмед V Решад отпочнала обемна официјална посета на румелиските вилаети – прва таква тура по неговото искачување на престолот во 1909 година. Патувањето било дел од политичка стратегија на Комитетот за единство и прогрес (*İttihat ve Terakki*) и самиот султан, со цел да се зацврсти врската меѓу централната власт и нестабилните балкански провинции, кои биле соочени со засилени етнички, политички и автономистички движења.[6] Посетата вклучувала престој во Солун, Скопје, Приштина, Битола, и други градови, и била внимателно документирана од османлиските весници и телеграфските агенции.

Султанот патувал со специјално опремен султански воз, а безбедносните мерки биле на највисоко ниво. Пречекот во секој град вклучувал паради, масовни собири, воени формации, читање на молитви, говори на улемата и локалните власти, и доделување на милости и награди. Едно од централните прашања што се провлекувале низ ова патување било обновата на лојалноста, но и реалната проверка на присуството на државниот авторитет во провинциите.[7] Токму во овој контекст треба да се анализира и посетата на Скопје.

---

[6] BOA, BEO, 3898/292295.; BOA, BEO, 3900/292472.; BOA, DH. MTV, 25/34.

[7] Zeyrek, S. "II. Meşrutiyet'te Demokratik Muhalefetin Sonu: Arnavut İsyanları ve Sonuçları". *Erciyes Üniversitesi Sosyal Bilimler Enstitüsü Dergisi,* Sayı: 33 Yıl:2012/2, 299-336; Danişment İ.H. *İzahlı Osmanlı Tarihi Kronolojisi, c.4.* Türkiye Yayınevi, İstanbul 1972, 382.

## СУЛТАНОТ ВО СКОПЈЕ: ЈАВНА ЛОЈАЛНОСТ И АДМИНИСТРАТИВЕН РЕД

Султанот пристигнал во Скопје на 8 јуни 1911 година, каде бил дочекан од валискиот апарат, локалната улема, трговските еснафи, муслиманската и христијанската заедница, како и претставници на градската општина. Градот бил украсен со знаменца, и натписи на турски и арапски со изрази на добредојде. Биле одржани заеднички молитви во џамијата Мустафа-паша, додека на специјално организирана парада во близина на тврдината, султанот им се обратил на присутните со краток говор, што бил поздравен со громогласни повици „Падишахим чок јаша" (Да живее мојот султан!).

Локалните власти организирале и добротворни активности, доделување стипендии за ученици и прошка на одредени затвореници. Во тој дух се толкува и административниот документ кој е предмет на овој труд – писмо или меморандум во кое локалната власт експлицитно ја изразува својата почит кон султанот и го документира учеството на граѓаните и верските водачи во пречекот.

Освен градот Скопје, султанот го посетил и градот Битола, административен центар на Битолскиот вилает, познат по својата мултиетничка структура и воена важност. Битола, како „град на конзулатите", била симбол на османлиското присуство на Балканот, но и подложна на влијанија од странските сили. За време на престојот, султанот присуствувал на воена парада на битолскиот гарнизон, ја посетил Чарши џамијата, како и неколку училишта – меѓу кои и Идадијата (средно училиште) – со што ја нагласил поддршката за просветителската мисија на империјата.

Лојалноста во Битола била исто така јавно и организирано изразена. Градската елита, еснафите и улемата го дочекале султанот со свечени говори и писмени изрази на верност, слично како и во Скопје. Ваквите постапки биле очекувани, но и потребни, бидејќи централната власт ги следела локалните реакции и потоа истите ги користела како индикатори за политичка стабилност и ефективност на провинциската администрација.

## АНАЛИЗА НА ДОКУМЕНТОТ ОД СКОПЈЕ (1911): ИНСТИТУЦИОНАЛИЗИРАНА ЛОЈАЛНОСТ

Административниот документ од Скопје, напишан по посетата на султанот, е класичен пример за службено артикулирана лојалност. Документот информира дека за време на посетата на султанот во Скопје, населението изразило радост, одушевување и лојалност, што било пренесено до централната власт преку службени канали. Оваа емоционална реакција била мотив за службена телеграма од Високата Порта, со која се наложува оваа радосна вест да се пренесе на значајни општествени групи: улема, ешраф, трговци и други.

Известувањето не само што ја потврдува оваа комуникација, туку и додава дека, по тој повод, се упатиле молитви за долговечност и слава на султанот – што е типичен облик на политичко-културен ритуал на лојалност во Османлиската администрација.

Во него се евидентира учеството на разни општествени групи во церемонијата, се изразува „душевна радост" за посетата и се повторува верноста кон османлиската држава. Формулиран со јазикот на османлиската бирократија, документот ја врши функцијата на официјална белешка што се испраќа до вилаетските или централните органи. Неговата вредност лежи во тоа што претставува првостепен извор за разбирање на административниот и симболичкиот поредок на доцниот османлиски режим во Румелија.

Документот е напишан на Османлиски јазик типичен за официјалната кореспонденција на империјата, со реторички формули што ја потврдуваат хиерархијата, лојалноста и возвишеноста на султанот како симбол на државноста.

## ЗНАЧЕЊЕТО НА ДОКУМЕНТОТ ЗА ИСТОРИЈАТА НА СКОПЈЕ

Овој документ претставува значаен извор за проучување на историјата на Скопје во доцниот османлиски период, особено во однос на неговата политичка и административна позиција во рамките на Косовскиот вилает. Скопје, како административен, економски и културен центар на вилаетот, играло клучна улога во пренесувањето на империските политики кон локалното население, но и во симболичкото одржување на легитимитетот на султанската власт на Балканот.

Изразите на „радост, лојалност и одушевување“ од страна на скопското население што се наведуваат во документот, не се само протоколарна фразеологија, туку и показател за очекуваното политичко поведение на еден град во срцето на мултиетничка и нестабилна погранична зона. Со ова, документот сведочи за постоењето на активна локална елита во Скопје (улема, ешраф, трговци), која имала функција не само како социјална структура, туку и како канал за империскa комуникација и мобилизација.

Дополнително, преку овој документ може да се согледа и улогата на Скопје како посредник помеѓу народот и централната власт, каде што политичката лојалност се изразувала не само симболички, туку и институционално – преку формални извештаи, телеграми и службени известувања. Така, документот претставува ретка потврда за живото и структуирано политичко дејствување во Скопје во предвечерието на Балканските војни и распадот на османлиската власт на Балканот.[8]

## ЗАКЛУЧОК

Посетата на султанот Мехмед V Решад на Скопје и Битола во 1911 година била повеќе од церемонијален настан – таа претставувала дел од поширока стратегија на политичка консолидација и демонстрација на државната моќ во балканските провинции. Документите кои произлегоа од ова патување, како овој од Скопје, не само што одразуваат лојалност, туку и ја потврдуваат активната улога на локалните власти во репродукција на централниот авторитет. Оваа патување претставувало последен обид за симболичка мобилизација на империјалната идеја во Румелија пред Балканските војни, и како такво заслужува посебно внимание во историографијата на доцниот Османлиски период.

Овој документ исто така е вреден пример за административната и политичката култура на доцната Османлиска империја, при што особено се истакнува моделот на симболичка и институционална комуникација меѓу централната власт и провинциските управи. Тој претставува јасен доказ за начинот на кој султанската власт се обидувала да одржи лојалност и стабилност во периферијата на империјата преку строго формализирани изрази на верност, одушевување и молитвена поддршка од страна на населението и локалните елити.

---

[8] Türkiye Diyanet Vakfı Ansiklopedisi, c. 28, İstanbul 2008, 414-418.

Во тој контекст, значењето на овој документ за историјата на Скопје е особено важно. Тој покажува дека Скопје не било пасивен административен центар, туку активен учесник во политичката динамика на империјата, посредувајќи меѓу народот и султанот преку своите општински структури, интелектуални и трговски кругови. Изразената лојалност во документот ја одразува не само политичката реторика на времето, туку и стратегиската улога на Скопје како важен османлиски центар на Балканот, особено непосредно пред Балканските војни.

Покрај тоа, преку анализата на јазикот, структурата и административната функција на документот, можеме подобро да ја разбереме взаемната зависност меѓу локалните елити и централната власт, како и трансформациите што ќе следат со распадот на Османлиското владеење и појавата на нови национални држави. Во исто време, документот претставува и јазичен артефакт кој го демонстрира формалниот стил на османлиската канцелариска писменост, кој подоцна ќе биде радикално напуштен по формирањето на модерната турска држава.

Затоа, документот претставува не само извор за политичка историја, туку и за историјата на локалната администрација, културата на владеење и урбаните елити во Скопје во раниот 20-ти век.

**Прилог бр. 1 Превод на документот на македонски јазик**

Нацрт-запис од Општинската канцеларија при Централната управа на Косовскиот Вилает

Датум на пристигнат документ: —

Број: —

Врз основа на кој документ е изготвен: —

Датум на нацрт: 11 јуни 1327

Датум на потпис: —

Датум на чистопис: —

Одлука и број: 616

Место на корекција: —

До Вилаетската Управа

Во текот на среќното патување на Неговото Величество Султанот, изразите на радост, задоволство и лојалност покажани од различни слоеви на населението во Скопје предизвикале големо задоволство кај Неговото Султанско Височество.

Во согласност со ова, со висока наредба испратена од Големата Везирска Канцеларија, со датум 12 Сафер 1327 и број 299, беше наложено ова чувство да се соопшти на јавноста. Согласно со таа наредба, неоп-

ходните лица – улема, ешраф, трговци и други – беа известени и информирани за оваа состојба.

По тој повод, повторно беа изразени молитви за долг живот, благословен крај и зголемување на славата и величието на Султанот.

Се бара да се постапи соодветно.


1.10.41.23/27

**Прилог бр. 2 Оригиналниот документ,** Државниот Архив на Република Северна Македонија, во фондот скопска-турска општина т.е. фонд 10, кутија 41, архивска единица 23 и број на лист 27. [1.10.41.23/27]

[29.6.1911] Писмо од Скопската општина до валијата во врска со посетата на султанот во Скопје и Косово. Оргинал, ракопис на османлиски јазик.